[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 29.03.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 315/1 | | |

**До: Општина Валандово**

Арх. знак: 1008
Рок на чување: 5
29.03.2022 год.
Потпис: [signature]

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. **Дали во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година сте користеле услуги на надворешни физички и/или правни лица за спроведување на постапките за јавни набавки?**
2. **Како е извршен изборот на ангажираните физички и/или правни лица?**
3. **Какви услуги сте користеле од ангажираните физички и/или правни лица во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година?**
4. **Како е одредено плаќањето за ангажираните физички и/или правни лица (еднократен годишен износ, месечен паушален износ, по извршена услуга итн.)? Колку изнесува тој износ?**
5. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјави за непостоење на судир на интереси во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
6. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјава за доверливост на информациите до кои доаѓаат во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
7. **Бројот на вработени во вашата институција кои работат во организационата единица задолжена за јавни набавки?**
8. **Колку вработени во вашата институција во 2021/22 година имале важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки?**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго-------------------------------------------------------------------

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во [redacted]
Датум: **28.03.2022**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-315/2
05.04.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер бр[redacted] од 28.03.2022 година, поднесено од [redacted], заведено под бр.10-315/1 од 29.03.2022 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр[redacted] од 28.03.2022 година, поднесено од [redacted], заведено под бр.10-315/1 од 29.03.2022 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара Општина Валандово, како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

### Образложение

[redacted], достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.10-315/1 од 29.03.2022 година.

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: Е. Фидански
Одобрил: Б. Киров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 - 315/2
05.04.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО

[redacted]

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување Информација од јавен карактер
ВРСКА: Ваше барање за пристап до информации од јавен карактер
бр.[redacted] од 28.03.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.[redacted] од 28.03.2022 година, Ви ги доставуваме бараните информации, според редоследот во барањето.

1. Во периодот од 01.01.2021 година до 31.03.2022 година, Општина Валандово нема користено услуги од надворешни физички и/или правни лица за спроведување на постапките согласно Законот за јавните набавки.

   Во постапки кои општината ги има спроведувано според други закони и правила, а се однесуваат на реализација на проекти со средства преку Светска банка и останати меѓународни проекти, има учествувано претставник на донаторот меѓутоа заради следење, а не и како надворешно лице за спроведување на постапката.

2. Бидејќи општината не е имала потреба од ангажирање на надворешни лица (физички и/или правни) нема вршено избор на вакви лица.
   Кај постапките спроведувани според други закони и правила, лицето кое го има следено текот на постапката е определувано од страна на донаторот.

3. Кај постапките реализирани со средства од донација, учеството на претставникот на донаторот е бил од аспект на следење на постапката и во насока на почитување на договорните услови.

4. Не се вршени никакви плаќања.

5. и 6. Не е имало потреба.

7. Во организационата единица, задолжена за јавни набавки (Одделение за финасиски прашања и јавни набавки), распореден е еден вработен со статус на државен службеник (Соработник за јавни набавки) кој ги врши работите од областа на јавните набавки.

8. Во 2021/22 година, во општината, важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки има вработениот кој ги врши работите од оваа област.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: С.Х. Јовановиќ
Одобрил: Б. Киров